## Регионални консултации со верските заедници и црквите за Иницијативата за основање на РЕКОМ

**Сараево, БиХ**
**4 Ноември 2010 год.**

Регионалните консултации со претставниците од верски заедници и цркви ги организираа здружението БХ новинари и Центарот за информативно - правна помош и членови на Коалицијата за РЕКОМ од БиХ. Во работата учествуваа вкупно 51 лице; црковни великодостојници, претставници од верските заедници, невладини организации и академски институции. Меѓу нив и набљудувачи од амбасадите на Македонија и Хрватска, како и од меѓународните организации: UNDP, Мисија OSCE во БиХ, Делегација од Европската комисија во БиХ.

Поради организациски пропуст, на консултациите не присуствуваа учесници од Косово, како и претставници од СПЦ од Србија и Косово и Католичката црква од Хрватска. Организаторот беше присилен претставникот од ЦПЦ, митрополитот Михаил, односно Мираша Дедејиќ, да го замоли да се откажи од учеството поради условувањето на претставниците од СПЦ и Католичката црква.

Во расправата доминираше поддршката за основање на РЕКОМ, а се одвиваше во изразито толерантен дух и конструктивната атмосфера која укажуваше на вистинската потреба за соработка на црквите и верските заедници во овој процес.

Медиумите покажаа голем интерес за консултациите, кои ги следеа повеќе од 20 новинари од целиот регион. РТС и дневникот Блиц пратија екипи од Белград, а од Хрватска присуствуваше екипа од порталот Križ života.

## Преглед на предлозите, мислењата и препораките

### Имаме ли сила за потресните исповеди на другите? И српските рани болат.

*...меѓу нив беше висока слаба девојка со ампутирана лева нога, која што цела во пот ги вежбаше првите чекори. Длабоко ме потресе незиното напатено лице. Тогаш јасно доживеав дека и српските рани болат. Повторувам, и српските рани болат. Затоа е потребна и пожелна Регионална комисија за изнесување на фактите за воените злосторства и другите тешки повреди на човековите права во земјите настанати со осамостојувањето од поранешна Југославија. Особено е потребна за роднините од убиените и исчезнатите од сите три народи во Босна и Херцеговина. (...) Имаме ли*

*почит и стрпливост да ја чуеме исповедта на другите за потресната вистина, за последните денови на нивните масакрирани и исчезнати.* (М-р Мато Живковиќ, Врхобосанска надбискупија, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Уважувањето на вистината и правдата се услов за поддршка на РЕКОМ.**

*Исламската заедница ќе учествува во сите проекти слични на РЕКОМ, под услови на уважување на вистината и правдата, а тоа се:*

1. *Признавање на геноцидот врз основа на Меѓународниот суд за правда, а тоа подразбира законска забрана за негирање на геноцидот како законот за забрана на негирањето на холокаустот;*
2. *Приведување на сите осомничени за воени злосторства во Хаг, како што се Ратко Младиќ и Горан Хаџиќ;*
3. *Надомест за нанесената душевна болка и материјална штета од геноцидот, на жртвите од геноцидот, особено муслиманите и бошњаците, кои тоа го доживеале во Босна и Херцеговина, а особено во Сребреница.*
   (Хусеин ефенди Смајиќ, сараевски муфтија, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Време е да се состанат верските поглавари.**

*Еве денес се сретна претседателот Тадиќ со хрватскиот претседател. Но потребни се тројни состаноци, и со босанскиот претседател. Тоа на сите ќе им значи нешто, и пошироко, се разбира. Треба исто така и верските водачи да се сретнат, а точно е дека патријархот Иринеј уште се нема сретнато со загрепскиот надбискуп, ниту со реис улемот. Мора да ги имаме и тие средби. Симболиката значи многу во денешниов свет. (...)* (Живица Туциќ, верски аналитичар, Верска информативна агенција, Белград, Србија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**На ред е понатамошно градење на РЕКОМ. Мораме да ја признаеме вистината за другите.**

*И сега прашањето - каков однос треба да се има кон тие невини жртви? Бидејќи ако некој сам се молел за некој идеал, ставајќи го својот живот на коцка, можеме да го почитуваме како оној што го дава својот живот, но треба да се запрашаме кои последици всушност ги имаат овој пат оние што се невини. А жртвите, се така*

*злоупотребувани во смисла на пребројување, прикривање и т.н. Поради тоа втор чекор мислам дека е над сѐ и секогаш, вистината...*

*гледам дека се усвојува и се предлага Статут на работата на РЕКОМ, што секако е чекор напред од само декларирањето... И затоа е многу важен придонесот на христијанските цркви, теологијата на искупување, ослободување, на крајот помирување. Ние мора да ја признаеме својата вистина, да ја признаеме вистината за другите и на таа вистина да го градиме своето покајание... Мислам дека времето за работа во РЕКОМ, е веќе време за изградба, а не само барање како да се гради.* (Андрија Копиловиќ, Теолошко катехетски институт во Суботица, Србија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Утврдувањето на фактите има исцелувачки ефект.**

*Утврдувањето на фактите за страдањата и злосторствата има битен, исцелувачки ефект. Барање прошка, занимавање со своите лоши дела, силни помнења за страдањата и заборавот, слепило за страдањето на другиот. Со благодарност на РЕКОМ што не ја занемарува улогата на религијата во оспособување на луѓето за вистината, правдата и помирувањето... таа прави од нас да бидеме за страдањето на другиот доста ангажирани во создавањето подобар свет.* (Порака од Фра Мије Џолан, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Важно е секој народ да се соочи со своите злодела**

*...Собирањето на факти, е една макотрпна работа и многу важна работа. Важна е таа атмосфера, да се зборува за тоа. Секој да се соочи со своите злодела, секој народ. Тоа нешто е многу важно, да се развие свест, дека тоа за себе не е добро... Треба да им се даде на луѓето право и да не зборуваат...* (Бошко Тошовиќ, пред Митрополијата Дабро-босанска, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Најнапред да направиме национална комисија, а потоа да одиме пошироко, на регионално ниво.**

*Никој повеќе не спори за туѓата болка, никој повеќе не ја оспорува жртвата... Регионалното ниво на РЕКОМ функционира по системот дека војната беше регионална. Јас би дефинирал дека војната беше малку поинаква... Некако повеќе ми одговара функционирање и создавање на една национална државна организација, тоа е нешто*

*што можеби е понеопходно за Босна и Херцеговина, отколку за Хрватска и Србија. Национална организација во која ќе се соочиме сами со себе, а потоа од тоа пониско ниво да одиме на едно повисоко, на регионално. Но суштински е важно, генерално да не се заборави ниту една жртва. ...Ајде да ги видиме фактите и да ги изнесеме, и да бидеме искрени...*

*Жртвата има име и презиме, и РЕКОМ, или било која друга организација, која што се занимава со тоа, треба да направи попис. Исто така е важно името и презимето да имаат жртва.* (Вања Јовановиќ, парох на старата црква во Сараево, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Би требало да има на вакви случувања, претставник од протестантската заедница, со поддршка на Меѓународниот совет во БиХ.**

*Би требало верската тројка или четворка, која е во Меѓународниот совет, да ја поддржи таа идеја и еден претставник од сите протестантски заедници да биде присутен на вакви случувања.* (Радивое Костадиновиќ, Христијанска адвентистичка црква во БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Иницијативата за РЕКОМ да се сфати како вадење од ситуацијата жртви, нејзино лечење.**

*Позитивниот потенцијал на религијата за мир е неизмерен под услов религијата да ја извадиме од политичка манипулација. На РЕКОМ би ѝ препорачал да оди таму каде што религијата функционира како заедница на верата, како произведувач на внатрешна сила, духовност, смисла, религиозни производи. (...) Препорачувам во сите дефиниции на РЕКОМ да бидат повеќе застапени градењето на здраво општество, помирување, принципите на граѓанското општество за да го направиме светот нормално живеалиште. (...) Главната порака е да се сфати Иницијативата за РЕКОМ како вадење од ситуацијата жртви, лечење на нивните ситуации.* (Проф. д-р Фра Иво Марковиќ, Интеррелигиска служба „Очи в очи“, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**РЕКОМ мора да направи посебен план за секое подрачје.**

*Ние како верски заедници не смееме да прикриваме злосторства без разлика во чиј двор се наоѓаме и во чија куќа сме. Мислам дека тука верските заедници мора да одиграат*

*позитивна улога без разлика за каков идеал се работи, бидејќи ако некој одзел живот на некој или уништил некое семејство, ние треба да се трудиме правдата Божја, како и правдата човечка, него да го стигне. Така ќе се дојде до помирување (...) Ние треба за секое подрачје да направиме план кој ќе биде составен дел од Статутот на РЕКОМ. И мора тие да се применуваат според условите под кои се одвиваат одредени случувања, кои придонеле да има жртви...* (Драги Костадиновски, архијерејски заменик, Македонска православна црква, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Потребна е интердисциплинарна богословска платформа за причините и последиците на војната.**

*Јас во Белград предложив да се формира една интердисциплинарна богословска платформа, која би промислувала, во рамките на својот дискурс, за причините и последиците на конфликтите во поранешна Југославија. Платформата, би се занимавала со таканаречена контекстуална политичка теологија, која ќе поставува суштинско антрополошко прашање: каде бил човекот на полињата на смртта во поранешна Југославија, и каде исчезнал Бог во таквиот човек.* (Никола Књежевиќ, Протестантски теолошки факултет во Нови Сад, Србија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Од верските заедници треба да се очекува меѓу верниците да шират информации за Иницијативата за РЕКОМ, наместо да се залагаат за верските водачи.**

*Верските заедници и цркви можат да бидат сензибизирани за оваа тема, и да примаат информација и да ја шират понатаму. Многу помалку треба да се очекува во заговарачка смисла, а многу повеќе јас би се потпрела на верскиот идентитет на самите верски водачи и на оние кои што се наоѓаат внатре во верската заедница. Мислам дека е важно тоа што РЕКОМ смета на верниците, дека смета на тоа дека постојат оние на кои што бог им е важен пред сè и дека тие заради тоа ќе ја поддржат секоја ваква иницијатива.* (Амра Панџо, Здружение за дијалог и семејство и општество „Мали чекори“, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Не треба да се прави разлика помеѓу големи и мали злосторства.**

*...Поделбата на големи и мали злосторства, да не постои ризик тие да бидат заборавени и запоставени; тоа се прогонот и тортурата на над 20 000 луѓе кај*

*Пештери, кои што за време на Милошевичевиот режим доживеаја најтешки облици на мачења. Мислам дека ваква иницијатива е особено важна и можете да сметате на Исламската заедница во Србија, на сите наши капацитети и ресурси, на наша соработка, за сè што ќе бидеме во можност, ќе го направиме достапно.* (Муарем Жукорлиќ, претставник на Мешихатот на Исламската верска заедница во Србија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Подготвени сме во РЕКОМ да направиме сè за сите жртви да добијат правда.**

*Ние сме спремни во Иницијативата за РЕКОМ да направиме нешто добро, жртвите да се чувствуваат добро и да добијат правда, како што и им следи.* (Скендер Бузаков, Исламска верска заедница во Македонија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**РЕКОМ треба да собере доволно факти за историчарите да напишат општо прифатена историја.**

*Јас мислам дека верските заедници треба да станат дел од фронтот, кој што РЕКОМ треба да го постигне, а не само да биде комисија. Фронт кој ќе ги охрабри верниците, ќе им даде можност за своите знаења на вистината директно да ги пренесат на луѓето кои што ќе ги собираат овие податоци. Меѓутоа, тоа е и многу важно прашање што црквите и верските заедници го очекуваат од (...) РЕКОМ, да го одреди карактерот на војната, да го артикулира, да се занимава со собирање факти и информации, кои на идните генерации, на историчарите, луѓето кои треба да ја напишат општо прифатената историја на овој простор. Зборуваме за цел регион. Да собере доволна база на податоци, која што утре ќе биде релевантна за историчарите да почнат да пишуваат една општо прифатена историја.* (Борис Кожемјакин, Еврејска заедница во БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Кај верниците треба да се создаде емоционален пристап и клима, која што ќе овозможи заеднички живот.**

*Отворањето на масовните гробници, спомнувањето на злосторствата... Тоа е она каде што нашата улога како свештеници, како пастири, каде што мора да се создаде атмосфера, да не биде позив на одмазда... Значи треба да се развие чувство на конкретизација на работите, но и чувство на опростување и меѓусебен живот.* (Данило

Павловиќ, свештеник во манастирот Житомислич, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Поддршка на работата на РЕКОМ, не значи овластување.**

*Ако ја поддржавме оваа работа, тоа не значи дека дадовме овластување. Јас ќе направам извештај, па ќе видам, да добијам некаков став од црквата. Но, јас не верувам дека некој сега ќе добие овластување. Ниту пак мислам дека на РЕКОМ треба да ѝ биде амбиција да го толкува овој текст, туку повеќе тој процес да биде поддржан.* (Бошко Тошовиќ, Митрополија Дабро-босанска, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Некој минимум на заедничка вистина е потребен сега.**

*Некој минимум од заедничка вистина е потребен за понатамошни процеси во регионот и во самите овдешни земји. Значи, потребата е јасна и мора на овој проект да се работи. ...Мислам дека сега луѓето увидуваат дека е потребен заеднички консензус околу некои делови за вистината, за овие простори овде да можат нормално да живеат. И мислам дека постои добра количина на позитивна енергија за мобилизација тоа да се направи.* (Фра Иво Марковиќ, Интеррелигиска служба „Очи в очи“, БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Најголемиот наш потенцијал е создавање добра клима за комисијата, меѓу верниците.**

*Мислам дека малку заборавивме дека ние како верници, а тоа е еден од најголемите потенцијали, можеме да направиме добра клима меѓу верниците.* (Јакоб Фејфер, жупник во Оџаци, Србија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Поддршка на РЕКОМ со молитва.**

*Во Белград предложив ние да го поддржиме РЕКОМ на наш верски начин – со молитва за жртвите. Со тоа што јас би додала дека е потребно да се молиме и за сторителите на злосторствата.* (Маријана Ајзенкол, Меѓурелигиски центар, Белград, Србија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

**Елементите за помирување да ги вградиме во програмата за воспитување, преку веронауката.**

*За ова е потребна онаа внатрешна енергија, која што може да се вгради во програмата за воспитување преку веронауката. Имавме истражување за тоа колкав е капацитетот за воспитување, за помирување, изградување на ставови за насилство, односно ненасилство, преку содржините на училишната веронаука. И резултатите се повеќе од поразителни, речиси никакви (...) За воспитување за помирување, воспитувањето да биде отворено за помирувања, е нешто на што би... ако овие факти би можеле да се искористат. Без тоа овој проект ќе пропадне...* (Марко Антонио – Бркиќ, Меѓурелигиски институт БиХ, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)

*Јас мислам дека е голема улогата на вероучителот. Може ученикот да го праша вероучителот кои се баптистите? Одма да добие одговор – леле па тоа се секташи, не спомнувај ми ги. Или кои се муслиманите? (...) Значи вероучителот треба да биде во состојба да објасни што е што, и да не биде извор на дезинформации. (...) Значи, вероучителите треба да имаат повеќе вакви средби и форуми од сите верски заедници. Тоа е доста важно, бидејќи ние создаваме ново поколение и кај нив внесуваме информации дека оној другиот кој верува поинаку, кој има поинакви празници, не е помалку важен, дека не е недостоен за наше друштво и внимание. Тоа е големо прашање и не сум сигурен дека вероучителите на овие простори се доволно едуцирани. Исто така и учебниците по веронаука и историја...* (Живица Туциќ, верски аналитичар, Верска информативна агенција, Белград, Србија, Регионални консултации со верските заедници и црквите, Сараево, БиХ, 4 Ноември 2010 год.)